РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ година
Потпис,
_____

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 03-923
02. 10. 2024 год./viti
Скопје / Shkup

**ПРЕДМЕТ:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Согласно Вашето барање добиено на меил: info@mnt.mk на ден 27.9.2024 година во прилог на дописот Ви ги праќеме одговорите

**1. Ве молам наведете настани кои биле или се во план да бидат организирани од страна на Вашата институција кои се наменети со цел мотивација и откривање на нови домашни драмски текстови.**

МНТ од формирањето до денес постојано се залага за поставување на драми од домашни автори. На својот репертоар има поставено драми од автори од најстарата преку средната до новата генерација на драмски автори. Без разлика дали се тоа драми кои веќе се поставувани во други театарски институции или пак нови драмски текстови.

**2. Наведете премиери на домашни драмски текстови во изминатите 10 години во продукција на МНТ. (тука покрај драмски дела спаѓаат и драматизации на домашни прозни дела или поезија)**

- Вечната куќа - премиера: 07.12.2013, автор: Јордан Плевнеш, режисер: Дејан Пројковски
- Аферата Елсињор - премиера: 12.02.2014, автор: Љубиша Георгиевски, режисер: Љубиша Георгиевски
- Да тргнеме сењор - премиера: 22.12.2014, автор: Ана Ристоска, режисер: Нела Витошевиќ
- Алма Малер - премиера: 28.01.2015, автор: Сашо Димовски, режисер: Васил Зафирчев
- Марко Цепенко - премиера: 21.02.2015
- Силјан штркот шанца - премиера: 20.10.2016, автор: Дејан Дуковски, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ
- Кец на десетка – премиера: 17. 11. 2017, автор: Митко Бојаџиски, режисер: колективна
- Госпоѓиците од Авињон – премиера: 09. 02. 2018, автор: Сашо Димоски, режисер: Ненад Витанов
- Дух – премиера: 24.04.2018, автор: Дејан Дуковски, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ

- Работи за кои не зборуваме - премиера: 16.10.2021, (авторски проект на екипата базиран на лични монолози, анонимни сведоштва и документарен материјал), режисер:Нела Витошевиќ, драматург: Викторија Рангелова-Петровска
- Торонто експрес - премиера: 15.12.2021, по мотивите од збирката есеи „Тибам Штркот" на Зоран Спасов Соф, адаптација на текстот: Благоја Бошковски, Александар Микиќ и Јордан Симонов, режисер: Јордан Симонов
- Хенгинг араунд - премиера: 19. 04. 2024, автор: Љупчо Јованов, режисер: Бојан Трифуновски

**3. Наведете ги гостувањата кои Вашата институција ги има остварено во Македонија и странство на продукции со домашни драмски текстови.**

Избор од гостувањата на МНТ со претстави од домашни автори:

- 1964 година: „Црнила", турнеја по Југославија, декември 1963 – јануари, февруари 1964
- 1973 година: „Црнила"во Братислава, Словачка, 15. – 25. 09.1973
- 1977 година: „Отепувачка"– Братислава, Словачка, 16.03.1977
- 1982 година: „Кенгурски скок" во НТ „Никола Вапцаров" од Благоевград, Бугарија, 16 - 22. 10.1982
- 1986 година: „Ништо без Трифолио" - фестивал 14. Гавелини вечери: 25.10. – 09.11.1986
- 1989 година: „Црна дупка" - Москва и Ленинград, Русија: 10 – 22.05.1989
- 1991 година: „Гнев божји" – на културно уметничката манифестација „Гоцеви денови" во Варшава, Полска, 17. 04. 1991
- 2000 година: „Песочна сложувалка" на Меѓународниот фестивал на актерите во Никшиќ, Р. Црна Гора, 29.06.2000; на „Прилепско културно лето" Прилеп, на 14.07.2000; на фестивалот „Ристо Шишков" во Струмица, на 18.10.2000
- 2001 година: „Буре барут" во Подгорица, Црна Гора, 26.01.2001; на Балканска театарска декада, Скопје: 06. -12.06.2001; во Народен театар Штип, 13.11.2001; во Народен театар „Антон Панов"- Струмица, 27.11.2001 / „Немушт јазик" на Балканска театарска декада, Скопје: 06. - 12.06.2001; на МТФ „Војдан Чернодрински" - Прилеп, 09.06.2001/ „Гроф Миливој" на Денови на комедијата, Куманово, 09.10.2001 / „ММЕ кој прв почна" во Подгорица, Црна Гора, 27.01.2001
- 2002 година: „Балканот не е мртов" во Народен театар „Иван Вазов" во Софија, Бугарија, 06.04.2002; МТФ „Војдан Чернодрински", Прилеп, 07.06.2002; Белград, 29.10.2002; Нови сад, 30.10.2002 / „Буре барут" во Охрид, 09.05.2002; во Народен театар „Иван Вазов", Софија, 06.04.2002; Куманово, 14.05.2002; на МТФ „Војдан Чернодриски" Прилеп, на 07.06.2002; во Народно позориште Белград, на 29.10.2002; во Народно позориште - Нови Сад, на 30.10.2002/ „Писание" - МТФ „Војдан Чернодрински", Прилеп, 10.06.2002 / „ММЕ кој прв почна" - Фестивалот „Exit", Нови сад, 06.07.2002
- 2003 година: „Буре барут" во Народен театар - Ниш, 15.04.2003; во Народен театар - Смедерево, 16.04.2003; во Народно позориште - Бања Лука, на 24.05.2003; во СНГ - Марибор, Словенија, на 26.05.2003; во ГДК „Бранко Гавела" во Загреб, Хрватска, на 27.05.2003; на фестивалот „Стеријино позорје" во Нови Сад, Србија, на 29.05.2003/

„Dead line“ на фестивалот „Театарски празници" во Благоевград, Бугарија, 10.05.2003; „Dead line“ во Куманово, 17.11.2003 / „Балканот не е мртов“ во Бања Лука, 24.05.2003; Марибор, 26.05.2003; Загреб, 27.05.2003 / „Црна дупка“ - МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп, 17.06.2003; Куманово, 25.10.2003 / „Гроф Миливој“ - „Гоцеви денови“, Делчево, 21.07.2003; Гостивар, 25.09.2003; Кавадарци, 06.10.2003 / „Магдо, љубов моја“ - Охридско лето, 01.08.2002; „100 години Илинден" во Крушево, 03.08.2002; Битола, 15.12.2002 / „Белите коњи“ „100 години Илинден" во Крушево, 05.08.2002; Кавадарци, 07.09.2002 / „ММЕ кој прв почна“ Поповски во Московски уметнички академски театар „Антон Павлович Чехов" во Москва, Русија, 20.09.2002

- 2011 година: „Тупаница полна со љубов" во Гевгелија, 31.10.2011
- 2013 година: „Изгубени германци“ – 21. Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“, Струмица, 10.09.2023 / „Парите се отепувачка" во режија на Бојан Трифуновски на фестивалот „ФИАТ", Подгорица, Р. Црна Гора, септември 2013 / „Вечна куќа" во режија на Дејан Пројковски на МИТЕМ фестивалот во Будимпешта, Р. Унгарија, во април 2013
- 2014 година: „Изгубени германци" на фестивал во Тетово, на 28.09.2014
- 2016 година: „Парите се отепувачка" во рамки на манифестацијата „Гевгелија - 100 години град" во Домот на култура во Гевгелија, 16.12.2016
- 2017 година: „Силјан штркот шанца" на Фестивалот на комедија „Гола месечина" во Скопје, на 24.06.2017; на Фестивалот за театарски претстави за деца „Малиот Принц" во Штип, на 25.09.2017; „Силјан Штркот Шанца" на Фестивалот „Денови на комедија" - Куманово, на 19.10.2017
- 2018 година: „Кец на десетка" во рамките на 21. издание на Меѓународниот театарски фестивал „Денови на комедијата" во Куманово, на 09.10.2018; на Меѓународниот фестивал на хуморот и сатирата ИН Виница Веритас, Виница, на 24.10.2018
- 2019 година: „Сијлан штркот шанца"на 54. издание на МТФ „Војдан Чернодрински", Прилеп
- 2021 година: „Кец на десетка" на манифестацијата „Струмица град на културата" за 2021 година, 12.06.2021 , „Работи за кои не зборуваме“ гостуваше во во Центарот за културна деконтаминација, Белград - Р Србија, 30.11.2021; на МОТ, 4.12.2021; во Народен театар Битола, 05.12.2021; во театарот во Радом (Teatr Powszechny Im. Jana Kochanowskiego), во Р Полска, 14.12.2021; на фестивалот Денови на Јурислав Кореник во Камерен театар 55 Сараево - Босна и Херцеговина, 20.12.2021; во Н.У. Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип, 27.12.2021
- 2022 година: „Торонто експрес“ на Скопско лето, 23.06.2022
- 2023 година: „Торонто експрес“ на меѓународниот фестивал на монодрамата во Битола, 15.05.2023 / „Кец на десетка“ во Домот на културата „Антон Панов", Струмица, 18.10.2023

**4. Наведете ја стратегијата на институцијата за промоција на домашни драмски текстови.**

МНТ има вработено двајца драматурзи: Дејан Дуковски и Загорка Поп-Антоска Андовска, чии дела се поставуваат на сцената на МНТ. Се организираат трибини и изложби. Последната е „Македонскиот драмски автор на сцената на МНТ“ (03 април 2023, понеделник, во 12:00 часот на малата сцена на Македонскиот народен театар - Скопје, по повод 78 години од првата премиера на театарот.). Модератор на трибината беше проф д-р Ана Стојаноска, а за значењето на драмскиот автор говореа и самите автори Јордан Плевнеш, Русомир Богдановски, Дејан Дуковски и Сашо Димоски, чии драмски текстови се поставени во МНТ.

Една од изложбите е „Од текст до претстава: македонски драми на сцената на МНТ“, по повод 74 години од првата премиера на сцената на МНТ, отворена на 03 април 2019 година. На оваа изложба беа прикажани авторите од различни генерации чии дела, во континуитет, постојано се прикажуваат на сцената. Низ драмските текстови и подготовката/ поставувањето на истите, односно низ експонатите (текстови, фотографии и сценографски и костимографски скици) се прикажа патот на еден драмски текст од напишан збор до одигран и изговорен збор на сцена.

**5. Дали МНТ има организирано работилници за креативно пишување или друг вид на активности кои го стимулираат домашното драмско авторство?**

Покрај трибината од претходното прашање, во МНТ се организирани работилници за читања на текстови од македонски автори, но не и креативно пишување.

**6. Дали МНТ има остварено интернационални соработки за размена на домашни и странски автори? Ако да наведете ги соработките.**

Не.

**7. Дали институцијата има остварено на интернационално ниво ко-продукции со цел промоција и ширење на македонското драмско авторство?**

Има остварено ко-продукции, но не во областа на македонското драмско авторство.

**8. Дали институцијата или организирано или учествувано со своите вработени на интернационални или национални конференции и симпозиуми на драматурзи и драмски автори?**

Не.

**9. Дали МНТ од нејзиното формирање до денес има организирано конкурси за изнаоѓање на домашни драмски текстови и нивно поставување на сцената? Ако да Ве молам наведете ги годините кога се објавени конкурсите, наградата која е наведена во конкурсот,**

**комисијата која ги оценувала пријавените дела, бројот на пријавени текстови, добитниците и дали наградените текстови биле поставени на сцена (ако да која година).**

МНТ има организирано неколку конкурси од формирањето до денес (избор):

- Конкурс за домашната драма кој МНТ го распишува на почетокот од 1956 година, На тој конкурс пристигнале 85 драми. Не е доделена награда.
- Конкурс за нов домашен текст кој МНТ што го распишува во 1969 година. Пристигнале 40-тина драми, и е доделена само трета награда: Русомир Богдановски за „Фарса за храбриот Науме".
- Конкурс за најдобра современа драма. Првонаграден текст е „Немушт јазик" од Блаже Миневски, кој е праизведен на 01. 11. 2000 година.
- Конкурс за доделување на Наградата за драмски текст „Коле Чашуле", распишан во февруари 2011 година. Доставени се 40 нови драмски текстови, пишувани на претходно изведувани или објавувани во било форма. Првата награда му е доделена на Дејан Дуковски за драмскиот текст „Изгубени Германци". Согласно конкурсните услови, МНТ е обврзан да го постави овој текст на својата сцена во текот на наредниве две сезони/години. Доделени се и две рамноправни трети награди на Благица Секуловска за драмскиот текст „Безљубни" и на Сашо Кокаланов за драмскиот текст „Чад".

**10. Наведете информации за праизведбите на домашни текстови на сцената на театарот од неговото формирање и бројот на нивните изведби. Доколку постојат информации наведете и бројот на посетеност.**

На сцената на МНТ од самите почетоци (третата поставена претстава е Чорбаџи Теодос, премиера: 16.08.1945 година) до денес постојано се поставуваат дела од македонски автори. Од досега над 400 поставени/обновени претстави, над 100 се дела на македонски автори од различни генерации:

- Чорбаџи Теодос, автор: Васил Иљоски - премиера: 16.08.1945, режисери: Тодор Николовски и Петре Прличко; премиера: 28.05.1957, режисер: Петре Прличко и Тодор Николовски; премиера: 12.05.1965, режисери: Петре Прличко и Тодор Николовски; премиера: 19.12.1978, режисер: Ацо Алексов
- За родниот кат – премиера: 01.10.1946, автор: Венко Марковски, режисер: Петре Прличко
- Бегалка – премиера: 13.01.1948, автор: Васил Иљоски, Режисер: Петре Прличко
- Печалбари, автор: Антон Панов, – премиера: 26.01.1949, режисери: Илија Милчин и Крум Стојанов: премиера: 17.04.1969, режисер: Петре Прличко
- Задруга – премиера: 30.04.1950, автор: Коле Чашуле, режисер: Димитар Ќостаров
- Гоце – премиера: 11.10.1951, автор: Венко Маркоски, режисери: Димитар Ќостаров и Тодор Николовски

- 2:1 (Два спрема еден) – премиера: 22.01.1952, автор: Васил Иљоски, режисер: Петре Прличко
- Македонска крвава свадба – премиера: 24.9.1953, автор: Војдан Поп Георгиев Чернодрински, адаптација: Петре Прличко и Венко Маркоски, режисери: Петре Прличко и Димитар Ќостаров
- Вејка на ветрот, автор: Коле Чашуле, – премиера: 01.04.1958, режисер: Тодорка Кондова-Зафировска; премиера: 20.12.2008, драматург: Ева Камчевска, режисер: Нела Витошевиќ
- Кузман Капидан - премиера: 06.11.1958, автор: Васил Иљоски, режисери: Петре Прличко и Петре Јакимовски
- Црнила – премиера: 26.01.1961, автор: Коле Чашуле, режисер: Илија Милчин
- Млади синови – премиера: 06.06.1961, автор: Васил Иљоски, режисер: Димитар Ќостаров
- Парадоксот на Диоген – премиера: 26.12.1961, автор: Томе Арсовски, режисер: Вукан Диневски
- Игралито срце јунаково – премиера: 05.04.1964, текст: Македонска јуначка народна поезија, режисер: Тодорка Кондова-Зафировска
- Антица, автор: Ристо Крле – премиера: 26.02.1965, режисер: Петре Прличко; премиера: 24.06.1988, режисер: Бранко Ставрев
- Македонска крвава свадба – премиера: 04.12.1965, автор: Војдан Поп Георгиев Чернодрински, режисер: Петре Прличко
- Градскиот саат - премиера: 16.02.1966, автор: Коле Чашуле, режисер: Димитар Ќостаров
- Матурска вечер – премиера: 19.10.1966, автор: Томе Арсовски, режисер: Бранко Ставрев
- Вител – премиера: 01.03.1968, автор: Коле Чашуле, режисер: Бранко Ставрев
- Чекор до есента – премиера: 28.02.1969, автор: Томе Арсовски, режисер: Димитар Ќостаров
- Образов – премиера: 01.03.1969, автор: Живко Чинго, режисер: Бранко Ставрев
- Парите се отепувачка, автор: Ристо Крле – премиера: 07.02.1970, режисер: Бранко Ставрев; премиера: 05.06.1976, режисер: Бранко Ставрев; премиера: 03.12.2011, режисер: Бојан Трифуновски
- Фарса за храбриот Науме (или Како Растрбушентиј и Маснотиј заработија пари за гостилница) – премиера: 01.03.1971, автор: Русомир Богдановски, режисер: Владимир Милчин
- Под пирамидата – премиера: 25.12.1971, автор: Бранко Пендаровски, режисер: Илија Милчин
- Sидот, водата – премиера: 27.12.1973, автор: Живко Чинго, режисер: Бранко Ставрев
- Кандила и Родан – премиера: 10.10.1974, автори: Кирил Пејчиновиќ, Григор Прличев, Блаже Конески, Славко Јаневски, Гане Тодоровски, Петар Т. Бошковски, Петре М. Андреевски, режисер: Бранко Ставрев
- ....Тих реч – премиера: 26.11.1974, автор: Блаже Конески, режисер: Илија Милчин

- Димна јуда град градила – премиера: 13.12.1974, автор: Душко Наневски, режисер: Виолета Џолева
- Потоп – премиера: 24.12.1974, автор: Бранко Пендаровски, режисер: Бранко Ставрев
- Време за пеење – премиера: 20.03.1975, автор: Петре М. Андреевски, режисер: Димитар Станковски
- Хемиските потписи на човечките организми во воздухот – премиера: 02.11.1975, автор, адаптација и режисер: Бранко Ставрев
- Сказанијата од Аргилчета Петрониески – премиера: 10.12.1975, автор: Живко Чинго, режисер: Илија Милчин
- Блажена гора зелена – премиера: 04.05.1976, народна поезија, избор на песни за Гоце Делчев, актер: Цветанка Јакимовска
- Македонски печалбарски песни – премиера: 12.02.1977, актери: Цветанка Јакимовска, текст: македонски печалбарски песни
- Студенти – премиера: 16.03.1977, автор: Бранко Пендаровски, режисер: Бранко Ставрев
- '48 – премиера: 03.11.1977, автор, адаптација и режија: Бранко Ставрев,
- Суд, автор: Коле Чашуле – премиера: 05.06.1978, режисер: Љубиша Георгиевски, премиера: 05. 02. 2010, режисер: Љупчо Ѓорѓиевски
- Алексијада – премиера: 08.10.1978, автор: Богомил Ѓузел, режисер: Владимир Милчин
- Бели мугри – премиера: 24.11.1978, автор: Кочо Рацин, актер: Владимир Светиев
- Т'га за југ – премиера: 26.11.1978, автор: Константин Миладинов, актер: Томе Витанов
- Партизанска поезија – премиера: 28.11.1978, актер: Цветанка Јакимовска, текст: партизанска поезија
- Кенгурски скок – премиера: 20.01.1979, автор: Живко Чинго, режисер: Бранко Ставрев
- Македонски монолог – премиера: 20.05.1979, автор: Гане Тодоровски, адаптација: Славко Нинов
- Автобиографија – премиера: 11.01.1980, автор: Марко Цепенков, актер: Славко Нинов
- Реферат – премиера: 11.01.1980, автор: Никола Вапцаров
- Беседа – премиера: 05.02.1980, автор: Григор Прличев, актер: Славко Нинов
- Круг – премиера: 03.04.1980, автор: Матеја Матевски, актер: Славко Нинов
- Милион маченици – премиера: 06.11.1980, автор: Ристо Крле, адаптација и режисер: Петре Прличко
- Пафтен појас – премиера: 15.02.1981, автор: Миле Поповски, режисер: Бранко Ставрев
- Житолуб – премиера: 27.03.1981, автор: Коле Чашуле, режисер: Владимир Милчин
- Остен – премиера: 30.09.1981, автор, драматург и режисер: Бранко Ставрев
- Молскавици – премиера: 10.10.1981, автор: Коле Неделковски, адаптација и режисер: Бранко Ставрев
- Габи – премиера: 14.02.1982, автор: Бранко Варошлија, режисер: Бранко Ставрев
- Макавејските празници – премиера: 10.02.1983, автор: Живко Чинго, режисер: Бранко Ставрев

- Кршалнига – премиера: 21.10.1983, автор: Васе Манчев, режисер: Бранко Ставрев
- Macedonishe zustande (Мацедонише цуштенде) - премиера: 18.01.1984, автор: Јордан Плевнеш, режисер: Љубиша Георгиевски
- Рамна земја – премиера: 27.09.1985, автор: Ташко Георгиевски, драматурзи: Владимир Милчин и Аљоша Руси, режисер: Владимир Милчин
- Глоговиот џбун – премиера: 09.11.1985, автор: Братислав Димитров, режисер: Наум Пановски
- Сказна за сказните – премиера: 22.12.1985, автор: Афродита Кирјаковска, режисер: Коле Ангеловски
- Ништо без Трифолио – премиера: Охрид - 17.07.1986, автор: Русомир Богдановски, режисер: Слободан Унковски
- Црна дупка – премиера: 10.02.1988, автор: Горан Стефановски, режисер: Паоло Маџели
- Рекламна бајка – премиера: 02.06.1989, автор: Русомир Богдановски, режисер: Коле Ангеловски
- Гнев божји/ Dies iraes - премиера: 26.12.1990, автор: Жанина Мирчевска, режисер: Слободан Унковски
- Вртимушка – премиера: 06.5.1990, автор и режисер: Афродита Кирјаковска
- Надвор од умот - премиера: 06.05.1991, автори: Александар Микиќ, Васил Христов, Јордан Симонов режисер: Васил Христов
- Крик – премиера: 21.07.1991, автор: Блаже Миневски, режисер: Владимир Милчин
- Мартолозот – премиера: 24.07.1992, автор: Григор Прличев, адаптација, драматург и режисер: Бранко Ставрев, препеал: Михаил Петрушевски
- Женски прилог за ноќта – премиера: 10.04.1993, автор: Блаже Миневски, режисер: Владимир Милчин
- Бунт во домот за старци – премиера: 15.05.1994, автор: Венко Андоновски, режисер: Бранко Ставрев
- Буре барут – премиера: 15.10.1994, автор: Дејан Дуковски, режисер: Сашо Миленковски
- МКС – премиера: 29.07.1995, автор: Војдан Поп Георгиев Чернодрински, адаптација и режисер: Сашо Миленковски
- Лепа Ангелина – премиера: 31.10.1995, автор: Благоја Ристевски – Платнарот, режисер: Владимир Милчин
- Мелница – премиера: 22.02.1996, автор: Митко Маџунков, режисер: Бранко Ставрев
- Маме му ебам кој прв почна – премиера: 23.04.1997, автор: Дејан Дуковски, режисер: Александар Поповски
- Еригон – премиера: 30.10.1999, автор: Јордан Плевнеш, режисер: Владо Цветановски
- Немушт јазик – премиера: 01.11.2000, автор: Блаже Миневски, режисер: Бранко Ставрев
- Грофот Миливој – премиера: 16.03.2001, автор: Ристо Крле, драматург: Александар Алексов, режисер: Димитрие Османли

- Балканот не е мртов – премиера: 07.10.2001, автор: Дејан Дуковски, режисер: Александар Поповски
- Писание - премиера: 07.03.2002, автор: Живко Чинго, драматург и режисер: Бранко Ставрев
- Црна дупка - премиера: 12.04.2003, автор: Горан Стефановски, режисер: Сашо Миленковски
- Белите коњи - премиера: 11.05.2003, автор: Петре Бакевски, драматург: Маја Мицевска, режисер: Виолета Џолева
- Магдо љубов моја - премиера: 01.08.2003, автор: Сашко Насев, режисер: Димитар Станкоски
- Папокот на светот - премиера: 28.03.2004, автор: Венко Андоновски, драматург: Венко Андоновски, режисер: Златко Славенски
- Доле влада - премиера: 29.04.2004, автор: Сашко Насев, режисер: Сашо Миленковски
- Црнила 005 - премиера: 11.07.2005, автор: Коле Чашуле, режисер: Слободан Унковски
- Големите очекувања - премиера: 11.10.2007, автор: Ана Ристоска, драматург: Катерина Момева, режисер: Јован Ристовски
- Сликата на Софија - премиера: 22.12.2007, автор: Маја Мицковска, режисер: Александра Ковачевиќ
- Дракула - премиера: 09.04.2008, автор: Дејан Дуковски, режисер и сценограф: Срѓан Јаниќијевиќ
- Празен град - премиера: 02.06.2008, автор: Дејан Дуковски, режисер: Бојан Трифуновски
- Свето срце - премиера: 04.02.2009, автор и режисер: Љубиша Георгиевски
- Лет во три глави - премиера: 15.04.2009, автор: Загорка Поп-Антоска, режисер: Никола Ристов
- Тупаница полна со љубов - Премиера: Скопје - 20.04.2010 / Берлин - 08.04.2010 - на фестивалот „Опен Ап“, автор: Дејан Дуковски и Санди Лопичиќ, режисер: Санди Лопчиќ
- Немој ти на мене Фауст / Don't you Faust me! - премиера: 08.12.2010, автор: Срѓан Јаниќијевиќ, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ
- Така било пишано - премиера: 24.12.2010, автор: Сашко Насев, режисер: Синиша Ефтимов
- Шехерезада - премиера: 11.02.2011, автор: Срѓан Јаниќијевиќ, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ
- Копнеж по целина - премиера: 18.07.2011, автор: Матеја Матевски, режисер: Ристо Алексовски
- Изгубени германци - премиера: 06.02.2013, автор: Дејан Дуковски, режисер: Слободан Унковски
- Вечната куќа - премиера: 07.12.2013, автор: Јордан Плевнеш, режисер: Дејан Пројковски
- Аферата Елсињор - премиера: 12.02.2014, автор: Љубиша Георгиевски, режисер: Љубиша Георгиевски

- Да тргнеме сењор - премиера: 22.12.2014, автор: Ана Ристоска, режисер: Нела Витошевиќ
- Алма малер - премиера: 28.01.2015, автор: Сашо Димовски, режисер: Васил Зафирчев
- Марко Цепенко - премиера: 21.02.2015
- Силјан штркот шанца - премиера: 20.10.2016, автор: Дејан Дуковски, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ
- Кец на десетка – премиера: 17. 11. 2017, автор: Митко Бојаџиски, режисер: колективна
- Госпоѓиците од Авињон – премиера: 09. 02. 2018, автор: Сашо Димоски, режисер: Ненад Витанов
- Дух – премиера: 24.04.2018, автор: Дејан Дуковски, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ
- Работи за кои не зборуваме - премиера: 16.10.2021, (авторски проект на екипата базиран на лични монолози, анонимни сведоштва и документарен материјал), режисер: Нела Витошевиќ, драматург: Викторија Рангелова-Петровска
- Торонто експрес - премиера: 15.12.2021, по мотивите од збирката есеи „Тибам Штркот" на Зоран Спасов Соф, адаптација на текстот: Благоја Бошковски, Александар Микиќ и Јордан Симонов, режисер: Јордан Симонов
- Хенгинг араунд - премиера: 19. 04. 2024, автор: Љупчо Јованов, режисер: Бојан Трифуновски

**11. Дали театарот организирал или планира да организира сценски читања и ако да кога се одвивале тие настани? Каков бил исходот, колку драми биле прочитани и дали институцијата ги има во својата библиотека или во дигитална форма и како заинтересираните би стигнале до нив.**

Во МНТ досега се организирало читањето на драмскиот текст „Утерус" од Дејан Дуковски (2014). Институцијата го поседува драмскиот текст во дигитална и во печатена форма.

**12. Дали театарот е дел од некоја меѓународна театарска мрежа? Ако да, од кога и кои активности ги предвидува?**

Не.

**13. Дали МНТ организира show case на своите продукции од изминатата или тековната година со цел остварување на интернационални собири, соработки или видливост во регионот и пошироко?**

Не.

**14. Дали МНТ имал или има свој интернационален фестивал? Ако да, наведете ги годините на одржување и гостувањата.**

Во периодот од 2014 до 2017 година се одржуваше МНТ – ФЕСТ, меѓународен театарски фестивал.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

25 МАЈ - 05 ЈУНИ 2014 - ПРОГРАМА:

- 25.05 | 20.00 часот – „ВЕЧНАТА КУЌА“, режија: Дејан Пројковски, Македонски народен театар - Р. Македонија
- 26.05 | 20.00 часот – „СРЕБРЕНА СВАДБА“, режија: Звездана Ангеловска, Македонски народен театар - Р. Македонија
- 27.05 | 20.00 часот – „ ЛЕТ НАД КУКАВИЧКОТО ГНЕЗДО“, режија: Александар Морфов Народен театар - Иван Вазов - Р. Бугарија
- 28.05 | 20.00 часот, „МЕНЕ...НАС...“, режија: Гунер Сатај, Народен академски и драмски театар – Р. Азербејџан
- 29.05 | 20.00 часот – „EVERYMAN DZILAS (СЕКОЈ ЧОВЕК ЌИЛАС)“, режија: Радмила Војводиќ, Црногорски народен театар – Р. Црна Гора
- 31.05 | 20.00 часот – „МЕДЕЈА“, режија: Томаж Пандур, Хрватски народен театар - Р. Хрватска
- 03.06 | 20.00 часот – „НАРОДЕН ПРАТЕНИК“, режија: Саша Габрик, Народен театар - Белград - Р. Србија
- 05.06 | 16.00 и 20.00 часот – „ХАМЛЕТ“, режија: Доминик Дромгул и Бил Бакхарст, Шекспировиот Глоуб театар - Велика Британија

27 МАЈ - 03 ЈУЛИ 2015 – ПРОГРАМА:

- 27 мај | 20 часот - ЗВОНАРОТ НА БОГОРОДИЧНАТА ЦРКВА ВО ПАРИЗ“, Театар „Софија" од Софија, Р. Бугарија
- 2 јуни | 20 часот - „СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ“, Национален театар од Будимпешта, Р. Унгарија
- 5 јуни | 20 часот - „БЕЛО КАФЕ“, Народно позориште од Белград, Р. Србија
- 6 јуни | 20 часот - „ТРИ СЕСТРИ“, Фестивал ФИАТ од Подгорица и „Град театар“ од Будва, Р. Црна Гора
- 8 јуни 20 часот - „КОГА ОВА БИ БИЛО ФИЛМ“, Турски државен театар од Истанбул, Р. Турција
- 20 јуни | 20 часот - „ДНЕВНИКОТ НА ЛУДИОТ“, копродукција на Државни драмски театар „Коте Марџанишвили“, Тбилиси Р. Грузија и Театарска фондација „Емилија Романја“ од Модена Р. Италија

МНТ ФЕСТ - 2016:

- 19.04. - концерт „На светов убавина“ - концерт на театарска музика: 17 авторски песни на Горан Трајкоски (2003-2013)
- 20.04. - трупата Wegajty Music School од Р. Полска со перформансот
- 12 и 13.05. Factory theater од Р. Италија со две изведби на театарската претстава „Сон на летната ноќ“ од Вилијам Шекспир
- 14.05. Principio Attivo Teatro од Лече, Р. Италија со претставата „Планински џинови“
- 15.05. - танцова претстава на Компанијата на Роберто Кастело од Лече, Р. Италија
- 16.05.2016 - филмот „Земјата во која дрвјата летаат“, филм посветен на Еугенио Барба, основач на Театарот Один

Република Северна Македонија, Национална установа МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР Скопје, Ул. „11 Март“ бр.3, 1000 Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut, Institucioni Nacional TEATRI POPULLOR MAQEDONAS Shkup, Rr. 11 Mars nr. 3 1000 Shkup
Republic of North Macedonia, National Institution MACEDONIAN NATIONAL THEATRE Skopje, Str. 11 March 3, 1000 Skopje
+389 2 3216 725, www.mnt.mk

- 24.06. - Центарот за театар - Прилеп со театарската претстава „Делириум тременс“
- 24.06. - Словенско народно гледалиште од Љубљана со претставата „Фауст“ во режија на Томаж Пандур
- 26.09. претставата „Соларис“ во режија на Андриј Жолдак, која е копродукциски проект на МНТ и Винер Фестволен од Виена, Р. Австрија

СОЗДАВАМЕ НА СВЕТОВ УБАВИНА, 03.06-13.06.2017, ПРОГРАМА:

- 3.6. 2017 | 19:30 - изложба на фотографот Драган Гајиќ „СЕЗОНА 017 Е01“
- 3.6.2017 20:00 – „НИЧИЈА ЗЕМЈА“, Данис Тановиќ/ Александар Морфов, адаптација и режија: Александар Морфов, Македонски народен театар, Р. Македонија
- 4.6.2017 12:00 – „СИЛЈАН ШТРКОТ ШАНЦА“, автор: Дејан Дуковски, режисер: Срѓан Јаниќијевиќ, Македонски народен театар, Р. Македонија
- 4.6.2017 18:00 - ДЕТСКИ МНТ ФЕСТ: „АВАНТУРИТЕ НА АЛАДИН“ , адаптација и режија: Бојан Трифуновски, Македонски народен театар, Р. Македонија
- 4.6.2017 | 20:00 - „ПРАВО КОН SВЕЗДИТЕ“, документарен филм, режисер: Бане Поповиќ, Томато продукција
- 5 и 6.6.2017 | 20:00 - „МАГБЕТ“, режисер: Су Хуи, Кина, Опера и пекиншки оперски театар, Р. Кина
- 8.6.2017 | 20:00 - „ДОН ЖУАН“, автор: Жан Батист Молиер, режисер: Александар Морфов, Театар „Иван Вазов“, Р. Бугарија
- 09.06.2017 | 20:00 - Балкански stand up со Сашко Коцев и пријателите
- 13.6.2017 | 20:00 - „ИВАНОВ“, автор: А. П. Чехов, режија и адаптација: Татјана Мандиќ-Ригонат, Народно позориште - Белград, Р. Србија

Со почит,

в. д. директор, Никола Кимовски

РСМ НУ Македонски народен театар